ДОБРИ ВЕСТИ ОД

ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ 4

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

НАПРЕДОКОТ ЗА ОЦЕНСКАТА МИСИЈА НА ЕУ ЗА СУДСКИОТ СОВЕТ

„РАЗГОВОРИ ЗА ЕДНАКВОСТ“ ПЛАТФОРМА ЗА ДИЈАЛОГ

ОБУКА ЗА АНТИКОРУПЦИЈА НА IACA

ЕФИКАСНА АНТИКОРУПЦИСКА СОРАБОТКА

АВГУСТ 2024

ПРАВНО ОДРЕКУВАЊЕ:
ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ПРЕДГОВОР



Дитер ШИНДЛАУЕР

Тим лидер, „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“

„Се надеваме дека со овој извештај ќе одржиме позитивен став и ќе го поддржиме етичкото убедување дека вреди да се залагаме за промени, реформи и процес на постојано подобрување. За таа цел, ќе го прикажеме и славиме напредокот за да не се изгуби во многу погласната врева на негативните вести“.

Почитувани читатели,

За среќа, и нашиот четврти квартален извештај, содржи мноштво добри вести.

Во ова издание ќе најдете доказ за огромните напори за напредокот во судството, борбата против организираниот криминал и корупцијата и за подобрување на заштитата на човековите права и пробацискиот систем. Ова се приказни за соработка со силна посветеност за подобра иднина преку добро функционални системи и институции.

Она што би сакале да го нагласиме е начинот на кој Судскиот совет брзо и фокусирано ги спроведе препораките од Оценската мисија на ЕУ и усвои сеопфатен акциски план, како и комуникациска стратегија. Овие напори беа јавно поздравени од националните и меѓународните чинители, на настанот одржан на почетокот на јули, на кој исто така беше истакнато дека работата треба да се продолжи и практиката дополнително да се подобри.

Понатаму, споделуваме новости за измени на дисциплинската постапка за јавните обвинители, многу практична обука за јавни обвинители и истражители за работа во Darknet и уште еден настан на којшто се споделуваат најдобрите практики и иновативни стратегии во борбата против корупцијата.

ПРЕДГОВОР

Корупцијата беше предмет и на нашиот прв модул за обука во соработка со Меѓународната академија за антикорупција, која се фокусираше на институционална неправилност и беше многу успешно посетена од 20 учесници од кои сега се очекува да ги применат своите нови знаења во 11 различни институции во кои работат.

Пробациската служба помина обука за кризна комуникација, додека Националниот акциски план за жени и девојки Ромки беше во фокусот на уште еден настан организиран со Министерството за труд и социјална политика, а тркалезната маса во Кавадарци ги истакна придобивките од ефективна соработка меѓу локалните власти и институцијата Народен правобранител. Првите „Разговори за еднаквост“ организирани заедно со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги опфатија прашањата поврзани со инклузивното образование во формат на отворена платформа што ќе се повторува со различни и доста актуелни прашања во наредните години. Во нашиот дел „Запознајте го тимот“, овојпат можете да уживате во сознанијата споделени од нашиот лидер на компонентата за борба против организираниот криминал, искусниот словенечки истражител, Роберт Шплајт.

Се надевам дека овие приказни за ангажраност, храброст и креативност ќе делуваат интересено и мотивирачки кај вас како што делуваа и кај мене.

Уживајте во добрите вести!



Дитер Шиндлауер
Тим лидер

ВИ ПРЕТСТАВУВАМЕ:

НАПРЕДОКОТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ ВО ОДНОС НА ОЦЕНСКАТА МИСИЈА НА ЕУ

Нашиот проект беше домаќин на конференција на која Советот го презентираше својот напредок во препораките од Оценската мисија на ЕУ пред највисоките претставници на судството, членовите на меѓународната заедница, правните здруженија, коморите, новинарите и претставниците на ГО.

ЕФИКАСНА АНТИКОРУПЦИСКА СОРАБОТКА

Експерти од словенечката полиција споделуваат најдобри практики и иновативни стратегии и иницирање институционална соработка во антикорупциските политики во Северна Македонија.

„РАЗГОВОРИ ЗА ЕДНАКВОСТ“ - ПЛАТФОРМА ЗА ДИЈАЛОГ

Нашиот проект, во соработка со КСЗД ја коорганизираше првата отворена платформа за дијалог за справување со структурните и системските предизвици за еднаквост и недискриминација, позната како „Разговори за еднаквост“.

Ајде да зборуваме за...

- Напредок во судството: напредок на Судскиот совет во спроведувањето на препораките од Оценската мисија на ЕУ
- Практична обука за Darknet за јавни обвинители и истражители во Северна Македонија
- Советот за реформи во правосудството одржува инаугуративна седница, ја зајакнува посветеноста на аспирациите за членство во ЕУ
- Нашиот проект награден со плакета за соработка и поддршка од Здружението на јавни обвинители на Република Северна Македонија
- Подготвени измените на Правилникот за дисциплинска постапка
- Ефикасната соработка меѓу Народниот правобранител и локалните власти во Кавадарци ги зајакнува човековите права и управувањето
- Институционална соработка за ефикасна борба против корупцијата
- Чекори кон интерскциска правда за сите жени и девојки Ромки
- Обуката на IACA ги овластува државните службеници да станат проактивни агенти на промени во областа на корупцијата
- „Разговори за еднаквост“: Платформа за дијалог и справување со структурните и системските предизвици за еднаквоста
- Трансформирање на медиумските вештини: Кризна комуиникација за пробациската работната група за односи со јавноста

Напредок во правосудството: Напредокот на Судскиот совет во спроведувањето на препораките од Оценската мисија на ЕУ

На крајот на 2023 година, во извештајот од Оценската мисија за Судскиот совет беа презентирани 17 препораки за подобрување на изборот, назначувањето и одговорноста на судиите и за подобрување на транспарентноста и комуникацијата на Советот. **Во јули 2024 година, нашиот проект организираше конференција на која Советот го претстави својот напредок во спроведувањето на препораките од Оценската мисија на ЕУ.** На конференцијата присуствуваа највисоките претставници на судството и меѓународната заедница, заедно со правни здруженија, комори, новинари и претставници на ГО.

За време на конференцијата, претседателката на Судскиот совет и двајца членови ги презентираа активностите преземени за подобрување на функционирањето и на Советот и на судовите. **Фокусот беше ставен на ефективно управување и зголемување на транспарентноста.** За да се постигне ова, во 2024 година, Советот спроведе две внатрешни и две јавни работилници, сите поддржани од нашиот проект, насочени кон усвојување Акциски план за спроведување на препораките на ЕУ, измена на подзаконските акти и изготвување на сеопфатна петгодишна Комуникациска стратегија на Судскиот совет и судовите. Усвојувањето на овие документи ја истакнува посветеноста на Советот за целосно спроведување на препораките од Оценската мисија на ЕУ со цел зајакнување на отвореноста, ефикасноста и отчетноста на судството.







На конференцијата, амбасадорите на ЕУ, САД и на Кралството Холандија ги признаа напорите на Советот и неговиот зголемен капацитет за унапредување на владеењето на правото во Северна Македонија.

Тие истакнаа дека има потреба натамошните реформи да бидат систематски, сеопфатни и усогласени со стандардите на ЕУ за да се обезбеди функционално, транспарентно и правично судство. Оваа перспектива ја повторија стручни говорници, претставници од судскиот сектор, Иницијативата за „Отворено судство“ и Судско-медиумски совет.
Активностите на Советот веќе доведоа или се очекува да доведат до неколку подобрувања: побрзо оценување на работата на судиите за унапредување, образложени одлуки за именување, подобрување на процесот на жалби за судиите кои се незадоволни од нивното рангирање, употреба на ИТ решенија при процесот на унапредување на судиите, пократки рокови за спроведување на дисциплинските постапки, поголема вклученост на Здружението на судии и граѓански организации, рационализирани извештаи од седниците за подобра концизност и читливост, пренос во живо од седниците и зголемено објавување содржини на веб-страницата на Советот.
Поддршката и од меѓународните и од локалните чинители ја потврдува посветеноста за унапредување на владеењето на правото во Северна Македонија. Напредокот, континуираните напори и соработката, со постојана поддршка од нашиот проект, ќе бидат клучни за постигнување на посакуваните подобрувања во судството.







Одбележување на успехот:

Визуелен приказ











Практична обука на Darknet за јавни обвинители и истражители во Северна Македонија

Јавните обвинители и истражители од истражните центри на ЈО беа дел од практичната обука за Darknet. Полициските службеници од Република Словенија ги споделија своите искуства од работењето на случаи поврзани со Darknet, начини и можности за анализа на материјали и докази добиени преку оваа мрежа, криминална и финансиска истрага, плаќање со криптовалути, како и презентација на практични примери.

Ова е голем чекор напред во борбата против организираниот криминал и зајакнувањето на институциите во Северна Македонија. Обуката беше организирана во соработка со Компонента 1 - Подобрување на капацитетите на правосудните институции за спроведување правда на транспарентен и одговорен начин и Компонента 2 - Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на современите истражни техники во борбата против организираниот криминал.



Советот за следење на спроведувањето на реформите во правосудството одржа инаугуративна седница со која се зајакнува посветеноста на аспирациите за членство во ЕУ

Советот за следење на спроведувањето на реформите во правосудството, формиран кон крајот на март 2024 година, ја одржа својата инаугуративна седница на 23 мај 2024 година, непосредно пред заседавањето на новиот парламент. И покрај доцнењата, Советот со сета потребна документација подготвена од нашиот проект беше пофален од министерот за правда Кренар Лога, професорот Владо Камбовски и од претседателот на Судскиот совет за залагањето.

Советот има за цел да обезбеди континуитет во следењето на судските реформи, клучни за аспирациите на Северна Македонија за членство во ЕУ. Министерот Лога ја истакна важноста на усвојување на Развојната секторска стратегија за правосудство (2024-2028), која предвидува независно, одговорно и транспарентно судство кое ги штити човековите права и го поддржува владеењето на правото.



Советот ќе го надгледува навременото спроведување на мерките наведени во Акцискиот план, следењето на приоритетите, роковите и евалуацијата на резултатите. Поддржан од експерти од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, експертот Славен Лекиќ на седницата ги наведе активностите преземени за успех на Стратегијата.
Советот заклучи дека треба да продолжат активностите и следењето на реформите во правосудството.

На нашиот проект му беше доделена плакета за соработка и поддршка од Здружението на јавни обвинители на Република Северна Македонија

На одбележувањето на 25-годишнината на Здружението на јавни обвинители на Република Северна Македонија, на претставниците од проектот „ЕУ Поддршка за владеењето на правото“ им беше врачена плакета за успешна соработка и поддршка. Ова признание ја нагласува посветеноста на проектот за зајакнување на Јавното обвинителство и унапредување на владеењето на правото.



Здружението на јавни обвинители, невладина, аполитичка, непрофитна и доброволна организација, 25 години работи на промовирање на независноста и непристрасноста на јавните обвинители. Проектот и Здружението соработуваат во активности поврзани со оценување на работата, постапки за надзор, дисциплински постапки и транспарентност на Јавното обвинителство и Советот на јавни обвинители.

Плакетата ја одразува заедничката посветеност на овие цели и позитивното влијание на нивната соработка. Проектот ја изразува својата благодарност до Здружението за оваа чест и очекува континуирано партнерство во зајакнувањето на правосудската независност и одговорност.



Подготвени измените за Правилникот за дисциплинска постапка

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ значително ги подобри дисциплинските постапки во Јавното обвинителство на Северна Македонија (ЈО). Проектните експерти подготвија два извештаи: еден за националното законодавство и друг за меѓународните стандарди. Вториот го оценува дисциплинскиот систем на Северна Македонија според европските стандарди, ги разгледува добрите практики и препорачува усогласување на Законот за ЈО и Правилникот за дисциплинска постапка.



Проектот организираше тркалезна маса за дискусија за овие извештаи, на која присуствуваа клучните засегнати страни, вклучувајќи го и Јавниот обвинител и членовите на Дисциплинската комисија и Советот на јавни обвинители. Клучен исход беше одлуката за измена на Правилникот за дисциплинска постапка.

За да се потпомогне овој процес, проектот одржа дводневна работилница со јавни обвинители, членови на Дисциплинската комисија и претставници од Здружението на јавни обвинители. Учесниците ги оценија постоечките закони и нацрт-измените, што доведе до подготовка на амандмани за усогласување на Правилникот со актуелниот Закон за ЈО и меѓународните стандарди.

Овие измени имаат за цел да обезбедат правна сигурност, навремена постапка и правна заштита на обвинителите до донесување на новиот Закон за ЈО.

Работилницата ја постигна својата цел за градење консензус за нацрт-измените, забрзување на процесот и поддршка на работната група да ги исполни роковите во Развојната секторска стратегија за правосудство и Планот за раст.



Ефективната соработка меѓу Народниот правобранител и локалните власти во Кавадарци ги зајакнува човековите права и владеењето

За време на дискусијата на тркалезна маса во Кавадарци на 17 мај 2024 година, учесниците ги истакнаа придобивките од ефективната соработка помеѓу локалните власти и институцијата Народен правобранител. Оваа соработка има значителна корист за граѓаните и локалната администрација преку зајакнување на заштитата на човековите права, подобрување на административните практики и зајакнување на владеењето на правото. Настанот, кој се одржа во општинската зграда, ги собра народниот правобранител Насер Зибери, градоначалникот на Кавадарци Митко Јанчев, нивните тимови и претставници на граѓанското општество за да го разгледаат напредокот, предизвиците и можностите во урбаното планирање, прашањата за животната средина, образованието и трудот.



Раководителите на општинската администрација ги презентираа своите постигнувања и разговараа за пречките во спроведувањето на одредени препораки. Забележителен предизвик беше дивоградбата, нагласувајќи ја потребата од координирани напори меѓу централните и регионалните власти. Заменик Народниот правобранител Лилијана Илиевска го пофали успешното спроведување на над 90% од препораките на Народниот правобранител. Саша Јанковиќ, експерт од проектот, понуди предлози од европските практики за унапредување на соработката со институцијата Омбудсман.

Загадувањето на животната средина беше од главен интерес, при што градоначалникот ги презентираше плановите за негово решавање, а претставниците на Народниот правобранител најавија посебен акцента за ова прашање. Настанот ја зајакна соработката помеѓу Народниот правобранител и локалната администрација на Кавадарци, воспоставувајќи нови комуникациски канали за подобро разбирање на практичните предизвици и согледување на придобивките од зајакнатата соработка.

Медиумското покривање на националната новинска агенција ја објави оваа практика на национално ниво, охрабрувајќи слични иницијативи. Настанот покажа дека добро организираните општини со квалификувани професионалци, одговорно лидерство и силна соработка со НВО можат ефикасно да ги спроведат препораките на Народниот правобранител. Идните планови имаат за цел да го промовираат успешниот модел на Кавадарци низ други општини, вклучувајќи ги и претставниците од Кавадарци во дискусии за споделување на нивните искуства и поттикнување слична соработка во други градови.






Институционална соработка за ефикасна борба против корупцијата

Споделувањето на најдобрите практики и иновативни стратегии во борбата против корупцијата од страна на експерти од словенечката полиција, како и иницирањето институционална соработка во антикорупциските политики на Северна Македонија, е заклучокот на настанот „Обединети против корупцијата: Зајакнување на синергијата на правосудството и органите за спроведување на законот во борбата против корупцијата“ организирана од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“.

Настанот беше отворен од министерот за внатрешни работи на Република Северна Македонија, кој истакна дека борбата против корупцијата е од големо значење за натамошен напредок на државата. „Иако сме мала земја, повеќе од сигурен сум дека можеме да придонесеме за Европската унија“, додаде Тошковски.



За време на настанот, д-р Давид Смолеј и м-р Матјаж Јеркиќ, словенечки експерти, ги споделија своите практични искуства во борбата против корупцијата. Смолеј го истакна значењето на правните и организациските аспекти на антикорупциските напори во Словенија и во Европската унија. Во меѓувреме, Јеркиќ разговараше за употребата на посебните истражни мерки во истрагите за корупциски криминал и нивната ефективна примена. Дискусијата вклучуваше и споделување на искуства и препораки на најдобрите практики од Словенија кои можат да се применат во нашиот систем. Д-р Сашо М. Стојановски, од Основното јавно обвинителство Скопје, зборуваше и за посебните истражни мерки кои даваат увид во правната рамка за борба против корупцијата во Северна Македонија. Беше нагласена важноста на институционалната соработка во борбата против корупцијата кај нас, а своето искуство за оваа работа го сподели и Сервет Демири, член на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).



Состанокот послужи не само како платформа за споделување на најдобрите практики и иновативни стратегии, туку и како поттик за иницирање видливи промени во антикорупциските политики на Северна Македонија.

Настанот го модерираше м-р Мојца Кузмицки, експертка за борба против корупција и перење пари која е ангажирана од проектот.





Одбележување на успехот:

Визуелен приказ











Преземени чекори кон интерсекциска правда за сите жени и девојки Ромки

На 27 мај 2024 година, проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ заедно со Министерството за труд и социјална политика (МТСП) организираше координативен состанок „Статус на имплементација на активностите од Националниот акциски план (НАП) за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки (2022-2024)“. Средбата се одржа во Клубот на пратеници.

Додека се прави проценка за постигнатиот напредок со имплементацијата на Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки (2022-2024) (НАП),овој состанок беше организиран со две цели. Првата беше да се зајакне координацијата, имплементацијата и следењето и да се намали удвојувањето на напорите/повторувањето на активностите преземени или планирани како дел од имплементацијата на НАП. Второ, да се идентификуваат приоритетите што треба да бидат вклучени во Оперативниот план за НАП за 2024 година.

На состанокот присуствуваа претставници од државни институции, национални институции за човекови права, невладини организации (НВО), донатори и меѓународни организации и активисти кои работат на еднаквост на жените и девојчињата Ромки.



Учесниците ги презентираа активностите што ги спроведоа и кои делумно или целосно се насочени кон жените и девојчињата Ромки и нивните права. Тие ги презентираа и своите планови за идните активности. Атмосферата на отворениот форум овозможи активни дискусии, маестрално модерирани од Мабера Камебри (МТСП).



На тој начин детално беше прегледано она што е имплементирано од НАП и што останува да се направи. Размислувајќи за работите што треба да се завршат, учесниците предложија приоритети кои треба да бидат вклучени во Оперативниот план за имплементација на НАП за 2024 година.

По состанокот, експертката за родова еднаквост на проектот, д-р Билјана Котевска, го поддржа МТСП во изготвувањето на Оперативниот план. Текстот на нацртот беше изготвен заеднички, преку дијалог со НВО и меѓународни организации кои се активни во таа област. Откако беше завршен, нацртот беше проследен до сите учесници на состанокот за повратен одговор, по што текстот беше затворен како конечен на 16 јули 2024 година. Следниот чекор е МТСП да го достави Оперативниот план на усвојување до Владата.

Ова е втор настан кој го организираме со фокус на жените и девојчињата Ромки. Истиот го одразува силното ветување на проектот да придонесе колку што е можно повеќе за успешна имплементација на НАП и да ја поддржи работата на МТСП за жените и девојките Ромки. Настанот претставува значаен чекор напред во нашите колективни напори за промовирање на интерсекциската правда - посветеност кон обезбедување рамноправен пристап до правата, можностите, ресурсите и општествената моќ за сите, вклучително и жените и девојчињата Ромки.

Обуката на IACA ги еманципира државните службеници да станат проактивни агенти на промени во областа на корупцијата

Ефективното справување со корупцијата бара повеќе од само цврсти правни рамки и казнени мерки. Потребни се добро информирани и ангажирани луѓе способни да идентификуваат и да се спротивстават на коруптивните практики. Токму тука образованието игра клучна улога бидејќи ги охрабрува поединците да станат проактивни агенти на промени во нивните заедници и професионални средини преку поттикнување на длабоко разбирање на механизмите и последиците од корупцијата.



Меѓународната антикорупциска академија (IACA) ја препозна клучната улога на специјализираното образование во борбата против корупцијата. Академијата нуди ригорозна, разновидна и иновативна наставна програма дизајнирана да обезбеди сеопфатен увид во системите за корупција, антикорупција, интегритет и усогласеност. Холистичкиот пристап на Академијата ги интегрира меѓународните интердисциплинарни, интегративни и меѓусекторски перспективи, одразувајќи ја сложеноста на денешните предизвици за корупција.

Ова е причината поради која проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото”, во декември 2023 година, потпиша договор со IACA што ни овозможува да ја искористиме нејзината уникатна експертиза и да спроведеме академски курсеви на високо ниво за државните службеници во Северна Македонија.

Првиот од четирите курсеви кој беше спроведен во мај-јуни 2024 година се однесуваше на организациски неправилности и опфати 20 учесници од 11 институции кои го полагаа курсот онлајн. Сите учесници го положија финалниот тест и добија IACA сертификат.



Паван Кумар Сина, директорот за академски програми на IACA, коментираше за обуката наведувајќи дека „Сите учесници покажаа неверојатен ентузијазам за учење на начелата на организацски неправилности и етичко лидерство во рамките на антикорупциските студии. Тие дојдоа целосно подготвени и се вклучија во значајна дискусија. Беше задоволство да се организира обука за толку добра група избрана од лидерката на компонентата и нејзиниот тим во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото", во Северна Македонија.

И учесниците ја оценија обуката како одлична. Елена Димовска, раководителка на Одделението за координација на антикорупциските активности во Министерството за правда вели, „Овој курс ги надмина моите очекувања во однос на квалитетот на предавањата и материјалите. Тој е многу релевантен и корисен за поддршка на процесите за управување со ризик во нашите соодветни институции. Предавачот беше многу заинтересиран и внимателен и даде одлични можности за интеракција и вмрежување со другите учесници."

Следниот курс на IACA што ќе започне во февруари 2025 година ќе биде за истраги базирани на отворени бази на податоци и внатрешни истраги. За следниот повик за пријавување следете не`во наредните месеци.

„Разговори за еднаквост“: Платформа за дијалог и справување со структурните и системските предизвици за еднаквоста

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ се гордее што заедно со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја осмисли и организираше првата отворена платформа за дијалог и справување со структурните и системските предизвици за еднаквост и недискриминација – „Разговори за еднаквост“. Овој настан, планиран како годишен настан, треба да овозможи дијалог помеѓу засегнатите страни за дефинирање на конкретни и практични начини за спроведување на препораките кои се од поопшт карактер, со цел да се укаже и нагласи постоењето на поголеми, системски или структурни прашања. Го избравме насловот „Разговори за еднаквост“ за да истакнеме дека и разговорите се за еднаквост и дека еднаквоста зборува на овој ден, односно дека целта на еднаквоста зазема централно место.

Темата за ова прво издание, „Инклузивно образование“, беше избрана од КСЗД. Изборот беше направен врз основа на нивната судска пракса, нивната проценка за итни системски прашања и препораките што ги дадоа преку нивните различни резултати.

Настанот имаше два панели со осум панелисти, два говори одржани од двајца меѓународни експерти, две сесии во центарот на вниманието одржани од тројца членови и вработени во КСЗД и една воведна и една завршна сесија.



На отворањето поздравни говори одржаа претседателот на КСЗД – Игор Јадровски, министерката за образование и наука – Весна Јаневска и нашата лидерка на К4 – Барбара Лигл. Сите тие изразија силна посветеност за решавање на тековните предизвици со инклузивно образование и централната улога што еднаквоста мора да ја игра во ова.

Главниот говор го одржа д-р Лила Фаркас, која се фокусираше на инклузивното образование во меѓународното и европското право и практика. Ја нагласи важноста да се внимава на обврските од меѓународното право за човекови права кога се работи на инклузивно образование, особено оние кои произлегуваат од ОН.

Вториот говор го одржа Јустина Јонеску, која ја презентираше родовата перспектива за инклузивното образование со фокус на компаративните европски стандарди и искуства и детално елаборирајќи ја успешната приказна за парницата пред Уставниот суд на Романија.

Двата панели се фокусираа на националното инклузивно образование. Првиот беше за концептот на инклузивно образование и актуелните предизвици воопшто, додека вториот беше фокусиран на родово-сензитивното образование и зошто ова е актуелно прашање за нашата земја. Конечно, со цел целосно да се обезбеди доволно внимание на КСЗД и нејзините напори, настанот опфати две сесии со „Комисијата во фокус“, каде членовите и вработените во КСЗД го презентираа она што телото за еднаквост досега го има направено за инклузивното образование воопшто и на родово-сензитивното образование.

Експертката за родова еднаквост на проектот, д-р Билјана Котевска, ја поддржа КСЗД во конципирањето и подготовката на настанот и во подготовката на извештајот за настанот.Ќе продолжиме да ја поддржуваме КСЗД во подготовката на планот за активности кој ќе се базира на препораките и наодите од настанот и извештајот за настанот.



Ние, исто така, ќе продолжиме да ја поддржуваме нивната работа на „Разговори за еднаквост“ за целото времетраење на проектот.
Настанот ја покажува нашата посветеност на КСЗД – институција која прераснува во видлива и независна сила за еднаквост и пошироки општествени промени во земјата.


JUDICIARY
POLICE
HUMAN
Funded by the European Union

Трансформирање на медиумските вештини: Обука на работната група за односи со јавноста при пробациската служба за кризна комуникација

Кон крајот на мај 2024 година, дванаесет членови на работната група за односи со јавноста од пробациската служба се собраа во Велес на клучна обука за кризна комуникација и техники за интервју. Дводневната работилница, предводена од меѓународниот краткорочен експерт за односи со медиумите и кризна комуникација, Милош Ѓајиќ, имаше за цел да ги подобри вештините на учесниците за справување со медиумските интеракции и ефикасно управување со кризна комуникација.

Првиот ден фокусот беше ставен на кризната комуникација. Учесниците се вклучија во вежби за да ја разберат важноста на јасните и структурирани пораки. Особено влијателна активност вклучуваше споредување на различни перцепции за слични фотографии, истакнувајќи како различните перспективи можат да влијаат на комуникацијата. Групата размислуваше за потенцијални кризи кои би можеле да влијаат на нивната институција, развивајќи приспособени протоколи за комуникација и стратегии за одговор за сценарија од поголеми размери.

Вториот ден се префрли на техниките за интервју со медиумите. Учесниците размислуваа за нивните минати медиумски искуства, разговарајќи за нивните права и обврски за време на интервјуата. Тие вежбаа да даваат концизни медиумски изјави и ја научија уметноста на „премостување“ за да ги насочат медиумските интеракции во поволни правци. Беше симулирана прес-конференција, каде што учесниците ги применија своите нови вештини во реална и предизвикувачка атмосфера.

Повратните информации од учесниците беа навистина позитивни. Еден од присутните забележа: „Интерактивното учество и групната работа беа најважните моменти на обуката“. Друг истакна: „Стилот на обучувачот го задржа мојот интерес во текот на целата обука“. Практичните вежби, особено симулираната прес-конференција, беа пофалени за нивната релевантност и непосредна применливост.

Учесниците ја напуштија обуката чувствувајќи се самоуверени и подготвени да ги применат своите нови вештини. „Првото нешто што планирам да го применам е знаењето за кризна комуникација“, сподели еден учесник. Друг ја истакна важноста на техниките за интервју, велејќи: „Ќе ги користам техниките за интервјуирање во идните интеракции со новинарите“. Барањето за последователни сесии за јавно говорење дополнително го истакна успехот на обуката и посветеноста на учесниците за постојано подобрување.

Обуката за кризни комуникации и техники за интервју не само што ги исполни, туку и ги надмина очекувањата на учесниците. Добро структурираните презентации, интерактивните сесии и практичните вежби обезбедија непроценливи искуства за учење. Оваа обука значително го зголеми капацитетот на учесниците, нудејќи им основни вештини за навигација во интеракциите со медиумите и ефикасно управување со кризи.

Оваа обука е доказ за посветеноста за градење цврсти комуникациски капацитети во рамките на пробациската служба и на тој начин членовите на работната група за односи со јавноста се добро подготвени за идните предизвици.





ШПЛАЈТ Роберт

ИНТЕРВЈУ

ЗАПОЗНАЈТЕ ГО ТИМОТ

ЛИДЕР НА КОМПОНЕНТА

Поставување на иновативни стратегии и напредни технологии за подобрување на борбата против организираниот криминал во Северна Македонија

Запознајте го тимот: Сесијата за интервју е креиерана за да ве запознае со членовите на тимот од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“.

Господинот Роберт Шплајт, има огромно знаење и практично искуство во областа на владеењето на правото и спроведувањето на законот. Бил вклучен во неколку проекти на ЕУ за Балканот и има одлична мрежа на контакти во регионот на Југоисточна Европа. За време на неговата долга полициска кариера во Словенија, тој стекнал големо искуство во областа на организираниот криминал, раководејќи тим за справување со организираниот криминал, соработка со странски органи за спроведување на законот и извршување на најсложените задачи во работата против организираниот криминал, како и спроведување истраги за најсложените кривични дела и изготвување и предлагање системски решенија за итните прашања.

Како лидер на компонентата 2 која се фокусира на борбата против организираниот криминал во Северна Македонија во рамките на проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото, како го дефинирате владеењето на правото во овој контекст?

Би спомнал три главни принципи за мене, имено:

Основни правни принципи
Владеењето на правото гарантира дека законите се применуваат правично и еднакво за сите. Во овој контекст, тоа значи дека организираните криминални групи во Северна Македонија мора да одговараат во согласност со утврдената законска рамка, без пристрасност или фаворизирање. Ова бара доследно спроведување и транспарентни правни постапки.

Ефикасно спроведување на законот
Владеењето на правото вклучува овластување на агенциите за спроведување на законот за ефективно да ги истражат, гонат и уништат криминалните мрежи.

Ова вклучува обезбедување на соодветна обука и ресурси и обезбедување силна координација помеѓу агенциите за да се запазат правните стандарди и да се борат против организираниот криминал.

Заштита на човековите права
Владеењето на правото бара почитување на основните човекови права во текот на судскиот процес. Почитувањето на правата на сите поединци, вклучително и осомничените и обвинетите, е од клучно значење кога се работи за организиран криминал со цел да се одржи довербата на јавноста и интегритетот на правниот систем.

Вашата компонента организираше две студиски посети во Словенија со македонски полициски службеници. Како тоа влијаеше на учесниците?

Двете студиски посети во Словенија беа инструментални за унапредување на вештините и знаењата на полициските службеници. Преку овие посети учесниците добија вредни сознанија за ефективни полициски стратегии и најдобри практики употребени во Словенија, кои директно влијаеја на нивниот пристап кон нивната работа.

Дополнително, посетите ги зајакнаа професионалните мрежи и создадоа можности за тековна соработка меѓу македонските и словенечките агенции за спроведување на законот. Ова зајакнато партнерство и споделеното знаење се очекува во голема мера да ги подобрат нивните колективни напори во борбата против организираниот криминал во Северна Македонија.

Генерално, студиските посети имаа позитивно влијание, каде што учесниците се здобија со нови алатки и стратегии и ја зајакнаа посветеноста за постигнување заеднички цели во борбата против организираниот криминал.

Вашата компонента вклучува мисии од словенечки експерти во различни области како што се современите истражни техники во борбата против организираниот криминал. Дали би можеле да споделите одредена вештина или техника што македонските полициски службеници ја имаат усвоено од нивните словенечки колеги? Ако овие информации се доверливи, можете ли барем да ни кажете како се применуваат овие вештини?

Секако, во рамките на компонентата 2 сакаме да обезбедиме сеопфатен и системски пристап во борбата против организираниот криминал. Ова ги вклучува сите единици и употребата на целата напредна технологија, како што е skyECC.Основното функционирање на skyECC комуникацијата, кое го опфаќа искуството на словенечките експерти во анализата на споменатата шифрирана комуникација, беше претставено пред одредени единици во форма на презентации. Како дел од презентацијата, двете одделенија беа информирани за можностите/како би можеле да истражат криминални дела преку примена на skyECC комуникација.
Беа прикажани совети како да се провери и да се работи со оваа комуникација. Еве неколку основни совети за тоа како да им пристапите на големата количина на добиени информации:
По добивањето на првите пакети на податоци (преку Европол за оперативни цели или преку Европравда за доказни цели), на сите учесници ќе им треба основна аналитичка поддршка во смисла на вовед во конкретна анализа и работа. Ваквата имплементација би можела да им спаси многу аналитички/ технички компликации и проблеми и да им овозможи најефикасен и проверен пристап кон анализата на содржината на податоците, што всушност претставува анализа на содржината на разменетите пораки заедно со метаподатоците. Обемот на овие пораки е огромен, така што со погрешен пристап, проценката на содржината може да одзеде многу време, а исто така и да се покаже неефикасна.

Иднината ќе покаже дали се почитуваат овие и другите упатства.

Борбата против организираниот криминал без сомнение е предизвик. Можете ли да споделите момент кога се почувствувавте особено горд за напредокот што се постигнува во Северна Македонија?

Еден момент на особена гордост беше кога тие успешно разбија голема мрежа на организиран криминал преку координирани напори меѓу македонските власти и меѓународните партнери. Оваа операција не само што доведе до значителни апсења, туку и ја покажа ефективноста на стратегиите и обуката што ги имплементиравме. Тоа беше јасен доказ за постигнатиот напредок и растечката сила на нашите заеднички напори.


Ако треба со еден збор да ја опишете соработката помеѓу вашата Компонента и институциите корисници, каква би била таа и зошто?

Ако треба со еден збор да ја опишам соработката помеѓу нашата Компонента и институциите корисници, таа би била „синергиска“. Овој термин го одразува начинот на кој нашите заеднички напори ги комбинираат силите, ресурсите и експертизата за да постигнеме значителен напредок во борбата против организираниот криминал.

Гледајќи напред, кои иновативни стратегии или пристапи сте возбудени да ги поддржите во тековната битка против организираниот криминал во Северна Македонија?

Во иднина, со особено задоволство ја поддржувам интеграцијата на напредни технологии и аналитика на податоци во нашите стратегии. Со користење на најсовремени алатки за собирање разузнавачки информации во реално време и предвидувачка анализа, можеме да ја подобриме нашата способност за поефективно предвидување и борба против организираниот криминал. Дополнително, промовирањето на поголема прекугранична соработка и споделување знаење дополнително ќе ги зајакне нашите напори. Тука се и финансиските истраги, кои се спроведуваат паралелно со истрагата, криптовалутите, секторот за тајно работење, корупција и перење пари и други напредни техники. Овие иновативни пристапи даваат големо ветување за напредок во борбата против организираниот криминал во Северна Македонија.





АВГУСТ - НОЕМВРИ 2024

КАЛЕНДАР ПРЕТСТОЈНИ НАСТАНИ

СЕП

Тркалезна маса за измените на Законот за судски совет

Компонента 1

ОКТ

Подигнување на свеста за лобирање кај приватниот сектор

Компонента 3

25 СЕП — 27 СЕП

Обука за обучувачи за пробациските службеници

Компонента 4

11 СЕП

Поддршка на првата Национална стратегија и акциски план за компјутерски криминал

Компонента 2

26 СЕП

Средба на меѓуинституционална експертска работна група за зајакнување на препораките на КСЗД

Компонента 4





Одбележување на успехот:

Визуелен приказ











Публикација: Поддршка на ЕУ за владеење на правото, трет квартален извештај - Добри вести од владеење на правото
Период на известување: 08 мај - 07 август 2024
Изменето од: Кристина Весиќ, Службеничка за видливост
Дата на издавање: Февруари 2024
Адреса: Васил Главинов 14, Скопје 1000
Електронска пошта: kristina.vesikj@rolaw.mk

Финансирано од Европска Унија